СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 2414/2022

Дата: ........29-12-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на ТС 35/0,4kV, на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35kV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура, Општина Росоман.**
Должината на планираната траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 212 метри.
Новопланираната ТС со планиран столб, на дел од КП 367 и дел од КП 372, КО Паликура Општина Росоман, се наоѓа во опфат на издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3 MW, КО Паликура Општина Росоман, со тех. бр. Y17322.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y52422** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на ТС 35/0,4kV, на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35kV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура, Општина Росоман содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 46702 од 20.10.2022 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на ТС 35/0,4kV, на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35kV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура, Општина Росоман.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на ТС 35/0,4kV, на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35kV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура, Општина Росоман и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2414/2022 од 13.12.2022 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на ТС 35/0,4kV, на дел од КП 367 и 372, КО Паликура и 35kV кабелски подземен вод за поврзување на новопланирана ТС со планиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура, Општина Росоман претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска